POPOVA KULA WINERY

Винарска Визба Попова Кула
АД Демир Капија
Булевар на виното бр.1, Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716 www.popovakula.com.mk
МК4019006111464 ж.с/ка: Шпаркасе Банка 250-0000001999-31

Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД
Бр. 02-167 26.12 20 22 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Демир Капија, 22.06.2022 година

Јас, Андријана Симовска, со ЕМБГ 1702984488031, вработена во ВВ Попова Кула АД, избрана за записничар на редовното годишно собрание на акционери на ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ ВИНАРСКА ВИЗБА ПОПОВА КУЛА АД ДЕМИР КАПИЈА, со ЕМБС 6100937 и ЕДБ МК4019006111464, седиште ул. Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, со почеток во 10 часот на 22 јуни 2022 година во просториите на друштвото, го срочив следниот ------------------------------------------------------------------------------------------

**---------------ЗАПИСНИК ЗА ТЕКОТ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО-----------------**
**----НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВИНАРСКА ВИЗБА ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија----**

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на извршениот директор со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет ЈОРДАН ТРАЈКОВ од Демир Капија, со стан на живеење на ул. Партизанска бр. 7 Демир Капија, идентитет утврден во тековната состојба на Друштвото и лична карта број А1643033 издадена од МВР Неготино на ден 08.02.2013 година и ЕМБГ 0202969483000 ми беа предочени следните исправи кои се составен дел од овој записник:-----
Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Р. С. Македонија под број 0805-50/155020220059098 од 20.06.2022 година.--------------------------------------------------------------
Јавен повик објавен во дневниот весник Нова Македонија за учество на редовното годишно собрание на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, што ќе се одржи на 22.06.2022 година (среда), со почеток во 10 часот во Демир Капија, простории на ВВ Попова Кула АД, со утврден дневен ред.-------------
Статут на Друштвото за производство и промет Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија (пречистен текст), од кој утврдив дека Друштвото има 2.700.000 обични акции и номинална вредност на акциите е 1Евро по курс од 61,50 денари од кое утврдив дека Собранието може да работи односно има кворум за работа ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мозинство од вкупниот број на акционери со право на глас.------------------------------------------------------------------------
Акционерска книга на Друштвото со дата 20.06.2022 година 11:45:14, издадена од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје кое се води под ИСИН: MKPOPK101014, од кое утврдив дека издавачот Друштвото за производство и промет Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија издало акции и тоа: Вид: обични акции; Номинална вредност по ХВ 61,50 МКД; Вкупен број на ХВ 2.700.000; Вкупен номминален капитал 166050000МКД; Број на гласови 2.700.000; Состојба активен; Број на иматели754; Број на сопственички позиции 755: Назив на емисијата: Попова Кула Обични;---------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата започна во 10 часот и 30 минути со тоа што актуелниот претседавач Тихомир Мукаетов го прочита процедуралниот дел од дневниот ред на ова Собрание:-------------------
1. Отворање на Собранието;----------------------------------------------------------------------------
2. Избор на работни тела:--------------------------------------------------------------------------------
2.1. Избор на претседавач на собранието на Друштвото.---------------------------------------------
2.2. Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот ------------------------------------
2.3. Избор на верификациона комисија--------------------------------------------------------------.
2.4. Верификација на списокот на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување -----------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. Отварање на собранието**------------------------------------------------------------------------

Тихомир Мукаетов објави дека го отвара собранието и посака успешна работа.-----------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.1. Избор на претседавач на собранието на Друштвото**------------------------------------------
За претседавач беше предложен Тихомир Мукаетов. Се пристапи кон гласање, за изборот на Тихомир Мукаетов за претседавач гласаа „ЗА“ сите 7(седум) присутни акционери, против нема, воздржани нема. Со тоа едногласно за претседавач е избран Тихомир Мукаетов.--------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.2. Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот**------------------------------------
За записничар предложена е Андријана Симовска (вработена во Друштвото) а за заверувачи 1.Златко Данев и 2.Климе Бабунски. Сите тројца беа едногласно избрани од 7(седум) присутни акционери, против нема, воздржани нема.--------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.3. Избор на верификациона комисија**-------------------------------------------------------------
За членови на верификациона комисија предложени беа 1. Гордана Трајкова и 2. Тодор Черепналковски кои беа едногласно избрани од 7(седум) присутни акционери, против нема, воздржани нема.--------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.4. Верификација на списокот на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување**-----------------------------------------------------------------
Верификационата комисија од пријавите на присутните акционери на седницата кои се во прилог на овој записник, утврди дека на седницата се присутни вкупно 7 (седум) акционери, со вкупно 1.484.818 акции со право на глас и тоа: 1. **ТОДОР ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ** од Скопје, ул. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ 4 - 6, со ЕМБГ 0104940450179 во својство на акционер сопственик на 68.766 (шеесетиосумилјадиседумстотинишеесетишест) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 2**. КЛИМЕ БАБУНСКИ** од Скопје, ул. 8-Март бр.13-27 Скопје, со ЕМБГ 1301958450013 во својство на акционер сопственик на 15730 (петнаесетилјадиседумстотиниитриесет) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 3. **ТИХОМИР МУКАЕТОВ** од Скопје, БУЛ. СВ. К. ОХРИДСКИ 13 - 1 / 3, СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, со ЕМБГ 2502946450033 во својство на акционер сопственик на 2160 (двеилјадистоишеесет) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 4. **ЗЛАТКО ДАНЕВ** од Кавадарци, ул. Прилепска бр. 28, Кавадарци, со ЕМБГ 1410969483006 во својство на акционер сопственик на 2433 (двеилјадичетиристотинитриесетитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 5. **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ПРОМЕТ И КОНСАЛТИНГ "ИНТЕКО" ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ Скопје**, со седиште на ул. Даме Груев бр. 5-7/14 Скопје, со ЕМБС 5781795, со ЕДБ 4030003484689, Управител Гордана Трајкова во својство на акционер сопственик на 1365576 (еденмилионтристашеесетипетилјадипетстотиниседумдесетишест) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 6. **ГОРДАНА ТРАЈКОВА** од Скопје, ул. ЊУДЕЛХИСКА 4 - 3 / 9, СКОПЈЕ, со ЕМБГ 1005974488006 во својство на акционер сопственик на 30000 (триесетилјади) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 7. **ЈОРДАН ТРАЈКОВ** од Демир Капија, ул. Партизанска бр. 7 Демир Капија, ЕМБГ 0202969483000 во својство на акционер сопственик на 153 (стопедесетитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија. Верификационата комисија утврди дека во моментот на акционерското собрание има акционери со 1.484.818 гласа или во проценти 54,99% (педесетичетиризапиркадеведесетидевет) проценти. Претседавачот на собранието констатира дека има кворум за работа и за полноважно одлучување.----------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Булевар на виното бр.1, Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716   www.popovakula.com.mk
МК4019006111464  ж.с/ка: Шпаркасе Банка  250-0000001999-31

Потоа претседавачот ја продолжи седницата и побара дали има некој да дискутира по предложениот дневен ред – работен дел.--------------------------------------------------------------
Никој не се јави за збор и се пристапи кон гласање. Дневниот ред како што беше предложен од страна на Друштвото беше едногласно усвоен или со број на гласови од 1.484.818.---------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 1 (еден): Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 11.08.2021 година:--------------------------**

Предлог олука за усвојување-----------------------------------------------------------------------------

Се отвори дискусија и бидејќи никој не бара збор се затвори дискусијата. Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.-------------------------
Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------О Д Л У К А ----------------------------------------------**

**СЕ УСВОЈУВА Записникот од акционерското собрание одржано на 11.08.2021 година---**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 2 (два): Разгледување на годишен извештај за работењето на друштвото за 2021 година.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Предлог олука за усвојување-----------------------------------------------------------------------------

Се отвори дискусија. Се јави Јордан Трајков за збор кој кажа дека 2020 година беше ковид година и дека тој тренд продоолжува и во 2021 година. Како резултат на ова поголем дел од 2021 бевме под некакви рестрикции во работењето, особено во делот на туризмот. Ова се одрази со голем негативен ефект на туризмот. И извозот претрпе од Ковид. Извозот е намален поради намалена побарувачка на вино од нашите партнери од странство бидејќи и таму рестораните беа под рестрикции,  некогаш делумно, а некогаш и целосно затворени. Потоа Јордан напомена дека финансиските резултати оваа година се позитивни бидејќи приходот по основ на произведеното вино за Никоб се фактурираше како готов производ во 2021 година, а парите по основ на авансните фактури голем дел беа примени во 2020 година. Ова беше дискутирано и објаснето и на минатогодишното собрание на акционери. Се јави Тодор Черепналковски за збор. Го праша Јордан Трајков што станува со виното? Зошто се бега од основна дејност производство на вино? Во проспектот за вложување во ВВ Попова Кула АД стоело дека производството на вино ќе биде примарна дејност. Сега од годишниот извештај и од финансиските извештаи Черепналковски неколку години по ред забележува зголемени приходи од туризам, а виното како да се занемарува. Черепналковски јавно го искажа незадоволството од работата на одборот на директори во однос на пласман на виното. Ако овој одбор не може да ја зголеми продажбата на вино тогаш можеби е потребен нов одбор. Јордан Трајков на ова одговори дека условите за работење се сменети. Во 2013 година е направен стратешки план според кој одборот на директори одлучува да се вложува во туризмот. И сè уште стојат зад својата одлука дека е добра и правилна одлука. И во визијата на Попова Кула стои дека Попова Кула ќе произведува врвни вина и ќе биде посакувана туристичка дестинација. Во 2014 година се активира вложување во туризмот како дополнителна дејност на друштвото. Во 2018 година одборот на директори согледува нова можност за дополнително вложување во туризмот со помош на 50% грант од Светска Банка и со ова се овозможи да се доправи втората зграда од хотелот, како и делот во дворот наменет за прослави. Потоа Златко Данев се јави за збор. Тој кажа дека за жал Попова Кула

нема стратешки партнер за извоз на вино. За жал Кина и Полска не израснаа во посакуваните стратешки партнери. Кина од големи нивни ограничувања, а Полска дел од лични проблеми на партнерот од таму. Сега се надева дека како нов пазар Австралија можеби има потенцијал за пораст и преминување во стратешки партнер за извоз. Јордан Трајков надоплни дека требало Србија да биде главен стратешки партнер за извоз на вино. Меѓутоа нашата лоша политика на ниво на држава го попречила ова за жал. Сега македонските компании извезуваат наливно вино во Србија, а тие го флашираат и го продаваат како нивен производ. Потоа Јордан објасни зошто Македонија не може да биде примарен пазар. Како прво посочи дека во Македонија се пие 16 милиони литри вино, а се произведуваат 200 милиони литри вино. Под второ објасни зошто земјите од ЕУ не може да бидат стратешки партнер. Тој посочи дека цел ЕУ пазар е затворен бидејќи се купува грозје од Македонија, а тие си произведуваат и продаваат вино. Како трето посочи дека од ЕУ како можни купувачи се северните земји, ама таму купува државата за жал. Можни пазари се Холандија и Полска. Во Полска во моментов како главен проблем е дистрибуцијата. Таму двата главни канали за дистрибуција ги држат фирми од Франција и Германија. Затоа влезот во големи маркети е многу тежок. Тие си преферираат вина од нивните земји. Како последно објаснување за стратешки партнер Јордан Трајков објасни дека единствена надеж гледа на пазарот во САД, поточно Флорида. Потоа додаде дека во целата криза во цел свет стратешкото планирање е многу тешко. Уште се наоѓаме во магла во која тешко се гледа кој правец е правилен избор. На крај Јордан упати покана до г-дин Тодор Черепналковски. И Златко Данев се надоврза на поканата кон Тодор Черепналковски и кажа дека секоја помош е добредојдена и дека одборот на директори секогаш е отворен за соработка. Јордан Трајков повторно зеде збор за да објасни дека се соочуваат и со голем проблем во лозарство. Ова е доста дискутирано и на претходните собранија посочи тој. Главен проблем е недостигот на работна сила за обработување на лозовите засади. Сега работниците се возрасни луѓе, младите одбиваат да работат на нивите или се иселени од тука. Одборот доста време минувал и во размислување за откажување на сопственото производство на грозје баш од овие причини. Друг не се јави за збор. Се затвори дискусијата. Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.416.052 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" еден со 68.766 гласа, „ПРОТИВ" нема.---------------------------------------------
Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------------О Д Л У К А ----------------------------------------------**

**Се усвојува Годишниот извештај за работење на друштвото за 2021 година------------------**

**------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Точка 3 (три): Разгледување на годишна сметка за 2021 година и на ревидирани финансиски извештаи за 2021 година.-------------------------------------------------------------------**

**По однос на првата алинеа:** се стави точката на разгледување. За дискусија се јави Тодор Черепналковски. Тој кажа дека со најдобри намери укажува дека работата не е добра. Да се обрне внимание на потребата од ревитализација на фирмата и да се резмисле дали да се укине винарството. Златко Данев кажа дека одборот на директори при сите свои стратешки планови редовно и сериозно ја разгледува и таа опција, но фактот дека резултатите во туризмот во голем дел зависат од целата приказна производството на вино и туризмот, како и очекувањата дека конечно некој од пазарите на кои Друштвото ги пласира своите производи ќе прерасне во стратешки пазар за продажба на вино, преовладуваат во носењето на конечна одлука во тој правец. Јордан Трајков зеде збор и кажа дека на секое стратешко планирање

Булевар на виното бр.1, Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716 www.popovakula.com.mk
MK4019006111464 ж.с/ка: Шпаркасе Банка 250-0000001999-31

зборувале за ова. Ама секогаш постои надеж дека работите ќе се смент на подобро. Тодор Черепналковки побара објаснување во врска со обврските и залихите на друштвото. Јордан Трајков објасни дека главни долгорочни оврски кон финансиски институции се обврските кон Шпаркасе Банка и МБПР. На Шпаркасе банка во 2021 година им е вратена ратата од кредитот порано поради кредитниот рејтинг на фирмата. Попова Кула била во В па со оваа порано исплатена рата преминала во Б кредитен рејтинг. Од поврзаните субјекти позајмиците кои се дадени во Попова Кула се од Јордан Трајов и од Григори Поповски. Овие позајмици се дадени со цел да преживее фирмата и од нив се изгради и туризмот. Во Шпаркасе Банка рамката е 300.000 евра. Имаме искористено 140.000 евра. На почетокот на годината побарани се средства – дел од рамката за изградба на системот за наводнување и изградба на бунгалови за сместување на работници. Меѓутоа Шпаркасе Банка не понудила добри услови и одборот на директори се откажал од вложување. Друг не се јави за збор. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------**О Д Л У К А**----------------------------------------------------

**Се усвојува Годишната сметка за 2021 година**, на ВВ Попова Кула АД Демир Капија со следниот остварен финансиски резултат од работењето: Остварени приходи 44.494.087 ден.; Остварени расходи 44.491.625 ден.; Остварена добивка пред оданочување 2.462 ден.; Данок од добивка 0 ден.; Остварена добивкапо оданочување 2.462 ден.-------------------------------

По однос на втората алинеа: Предлог одлука за ревидирани финансиски извештаи--------------
Се стави точката на разгледување. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.-------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------**О Д Л У К А**----------------------------------------------------

**Се усвојува Одлуката за усвојување на ревидирани финансиски извештаи за 2021 година.**-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се усвојуваат финансиските извештаи за работење во 2021 г. ревидирани од Друштво за ревизија ЕЛИТ ДООЕЛ од Скопје. -------------------------------------------------------------------------

**Точка 4 (четири): Разгледување на консолидирана годишна сметка за 2021 година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвото за 2021 година**----------
**По однос на првата алинеа:** се стави точка на разгледување. Тодор Черепналковски праша од што произлегува загубата во консолидираните извештаи, при што му беше објаснето дека истата произлегува од загубата на ќерката фирма во Полска. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------**О Д Л У К А**----------------------------------------------------

**Се усвојува Консолидираната годишната сметка за 2021 година** на Попова Кула АД

Демир Капија со следниот остварен финансиски резултат од работењето: Остварени приходи 44.758.019 ден.; Остварени расходи 44.954.825 ден.; Остварена загуба пред оданочување - 196.806 ден.; Данок од добивка 0 ден.; Загуба за годината – 196.806 ден.; Останата добивка 0 ден.; Неконтролирано учество - 65.176 ден.; Сеопфатна загуба која има припаѓа на имателите на акции -131.630. ден.------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**По однос на втората алинеа**: Предлог одлука за ревидирани консолидирани финансиски извештаи за 2021 год.----------------------------------------------------------------------------------------
Се стави точката на разгледување. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.-------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------------

**----------------------------------------------О Д Л У К А ---------------------------------------------**

**Се усвојуваат консолидираните финансиски извештаи за работење во 2021 г. ревидирани од Друштво за ревизија ЕЛИТ ДООЕЛ од Скопје.--------------------------------**
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 5 (пет): Распоред на добивка за 2021 година.-------------------------------------------**
Се стави точката на разгледување. Никој не се јави за брор и дискусијата се заклучи. Се пристапи на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.-----------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------------

**----------------------------------------------О Д Л У К А ---------------------------------------------**

**Се усвојува одлуката нераспределената добивка за 2021 год. во износ од 2.462 денари да се искористи за покривање на дел од аумулираната загуба.---------------------------------------**
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 6 (шест): Извештај за работата на одборот на директори за 2021 година.------------**
Се стави точката на разгледување.Тодор Черепналковски посочи дека не бил во можност да го види Извештајот за работа на ОнД на интернет страницата на Друштвото. Јордан Трајков на ова му одговори дека Извештајот е закачен во материјалите за собрание на интернет страницата на Друштвото. Меѓутоа, поради технички проблеми од страна на компанијата задолжена за веб хостинг, при прикачување на новата интернет страница на ВВ Попова Кула, некое време тој ден истата не беше активна. Климе Бабунски кажа дека како и со секоја организација, така и со Попова Кула, добрите или лошите резултати не се без учество на ОнД, па и критиките на Черепналковски не се без основа, односно ОнД не може да се изземе од резултатите. Во однос на производството на вино/грозје кажа дека е размислувано за ослободување од овие трошоци, меѓутоа тие се задржани поради целата претстава за винаријата. И во иднина ќе се разгледува ова производство. Второ, очекува работата на Одборот на директори да се подобри врз основа на Кодексот за акционерски друштва донесен од Македонската берза (МБ), како и со Деловник за работа на ОнД, кој е во фаза на работна верзија, а на следниот состанок на ОнД би требало да биде усвоен. Воедно, Бабунски наведе дека ОнД треба да дава повеќе информации за акционерите, за што е зборувано и на состаноци на ОнД, особено во контекст на идниот Деловник за работа на ОнД. Во оваа смисла и ги прифаќа забелешките на Черепналковски. Черепналковски праша какви

документи се Кодексот и Деловникот на одборот. Климе Бабунски објасни дека МБ има донесено мустра Кодекс, а ваков Кодекс како интерен акт треба да донесе секое акционерско друштво. Значи Кодексот од МБ е основа за усвојување на Кодекс на Попова Кула, а е и основа на идниот Деловник. Останува да се види дали и некој друг интерен акт ќе треба да биде донесен. Черепналковски се јави за збор. Тој бара бројки во извештаите за работа на одборот на директори. Извештајот не кажува за остварување на деловната политика на фирмата. Нема квартални извештаи за работа на одборот. Извештаите се штури и без бројки. Бидејќи не е задоволен од формата, а не од самите членови на одборот на директори тој се изјасни дека на гласањето ќе гласа против. Јордан Трајков се јави за збор. Тој кажа дека извештајот за работа на одборот на директори мора да е описен. Законска обврска на одборот е да се состанува четири пати годишно, а тие се состануваат многу повеќе. Поради Ковид планирањето е многу отежнато. Во однос на панови за работа на друштвото од 2013 година одборот на директори редовно прави стратешко планирање во кое покрај членовите на одборот, за потребите на анализите се вклучени и дел од вработените во винарството. Во 2021 година стратешкото планирање е развлечено со цел добивање на појасна слика. Јордан им благодари на сите членови на одборот на директори. Тие работат без никаков надоместок за доброто на друштвото. Ивона Колева – млад, образован човек е нова свежина во одборот. Климе Бабунски е редовен на состаноците и секогаш дава издржани и добри забелешки и согледувања. Григори Поповски долго време е претседател на одборот. Тој е многу голем поддржувач на друштвото и несебично се труди да помогне и надвор од работата на одборот. Златко Данев, не само како член на одборот на директори, туку и како член на менаџментот на друштвото секогаш имал трезвено гледање на работењето. Одборот на директори работи на реални проблеми за опстојување на фирмата. Не се јави друг за збор. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака пристапија кон поединечно разгледување на работата на членовите на одборот на директори:-----------------------------------

За Јордан Трајков од вкупните 1.484.818 „ЗА“ гласале 1.509.772 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 153 гласа и еден „ПРОТИВ“, односно 68.766 гласа.------------------------------------------

За Григори Поповски од вкупно 1.484.818 „ЗА“ гласале 1.416.052 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ еден, односно 68.766 гласа.-----------------------------------------------------------

За Ивона Колева од вкупните 1.484.818 „ЗА“ гласале 1.416.052 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ еден, односно 68.766 гласа.------------------------------------------------------------------

За Златко Данев од вкупните 1.484.818 „ЗА“ гласале 1.413.619 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 2.433 гласа „ПРОТИВ“ еден, односно 68.766 гласа.------------------------------------------

За Климе Бабунски од вкупните 1.484.818 „ЗА“ гласале 1.400.322 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 15.730 гласа, „ПРОТИВ“ еден, односно 68.766 гласа.---------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната: -----------------------------------------------------------------------

**-----------------------------------------------ОДЛУКА-----------------------------------------------**

**Се усвојува одлуката за одобрување на работата на Одборот на директори------------------**

**------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Точка 7 (седум): Назначување на овластен ревизор на финансиските извештаи на друштвото за 2021 година.**------------------------------------------------------------------------------

Се јави за дискусија Климе Бабунски. Објасни дека барања за понуди се испратени до сите друштва за ревизија евидентирани во Институтот на овластени ревизори. Тој кажа дека интерната Комисија за контрола, составена од него како претседател и Ивона Колева и Григори Поповски, како членови, ги разгледале трите добиени понуди. Предлогот на

Комисијата е да се прифати понудата добиена од Ековис Аудит Македонија, како најефтина, но и со оглед на листата на клиенти. Во дискусијата Јордан Трајков истакна дека е подобро да се бараат понуди не само за една година, туку и за повеќе години, на пример за три години. Климе Бабунски го прифати предлогот и истакна дека тоа ќе биде применливо, но од идната година, со испраќање на понуди за избор на нов ревизор. Се заклучи дискусијата и се пристапи на гласање, при што присутните јавно со кревање рака од вкупните 1.484.818 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.484.818 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А** --------------------------------------------------

**За вршење на ревизија на Годишна сметка за 2022 год. се избира друштво за ревизија, Ековис Аудит Македонија од Скопје.**--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако претседавачот констатираше дека со ова во целост се исцрпени точките од дневниот ред, собранието заврши во 13,05 часот.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник го составив лично јас Андријана Симовска и е заверен од двајцата заверувачи 1. Златко Данев и 2. Климе Бабунски, дека му го прочитав на Претседавачот со собранието Тихомир Мукаетов кој е запознаен со содржината на овој записник и во целост одговара на дејствијата кои се случувале на собранието на акционери на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, одржано на ден 22.06.2022 година.---- Овој записник е во осум страници и се чува во архивата на ВВ Попова Кула АД Демир Капија.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Демир Капија, 22.06.2022

**Претседавач: Тихомир Мукаетов** ____________________

**Записничар: Андријана Симовска** ____________________

**Заверувачи на записникот:**

1) **Златко Данев** ____________________

2) **Климе Бабунски** ____________________

Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД